ОПШТИНА ПЕХЧЕВО
ЈАВНО КОМУНАЛНО
ПРЕТПРИЈАТИЕ
„КОМУНАЛЕЦ"
Бр 01-541/1
06.12.2018 год
ПЕХЧЕВО

Архивски знак: 0102
Рок на чување трајно
25.02 2019 година
Потпис

# ПРОГРАМА ЗА РАБОТА И РАЗВОЈ

## НА

## ЈКП,, КОМУНАЛЕЦ''- ПЕХЧЕВО

## за 2019 година

Пехчево Декември,2018г.

ЈКП Комуналец е претпријатие основано од страна на Општина Пехчево за вршење на дејности од комуналната област од јавен интерес , а кој е незаменлив услов за живот и работа на граѓаните на територијата на Општина Пехчево .

## Основни дејности на ЈКП Комуналец се :

1. Снабдување ,пречистување и дистрибуција на водата за пиење;
2. Одржување на комплетната водоводна мрежа во Пехчево и околните села Чифлик,Робово,Умлена,Негрево;
3. Одржување на канализационата мрежа во Пехчево,с.Умлена и Робово,
4. Одржување на градското зеленило и паркови во Пехчево;
5. Одржување на градското пазариште;
6. Одржување на улична расвета;
7. Собирање и депонирање на смет од физички и правни лица во Пехчево,Чифлик,Умлена,Робово,Негрево,Панчарево и Црник ;
8. Одржување на депонијата;
9. Одржување на јавната чистота;
10. Одржување на градските гробишта ;
11. Зимско одржување односно чистење на снег и мраз во зимски услови на територијата на Општина Пехчево и селата.

ЈКП Комуналец функционално ги извршува сите активности во своето тековно работење на динамички и финансиски план.
Техничките одделенија се носители на главните активности на претпријатието кои се наведени погоре.
Работата на овие одделенија е обемна и ги опфаќа сите технички активности на јавното претпријатие ,а ги има следниве одделенија :

- Одделение за водовод и канализација
- Одделение за собирање и депонирање на отпад,одржување на парковите и зеленилата и градски гробишта,
- Одделение за филтрирање на водата за пиење.

Секое одделение има раководител кој врши надзор над своите вработени и за тековната работа и проблемите кои настануваат при извршувањето на работите го известува Директорот и одговара за сите активности настанати во текот на тековното работење.

Финансиското работење ќе биде проследено во одделение за сметководство и правни работи.

Одделението за сметководство и правни работи ги извршува сите активности поврзани со финансиските активности од внесување на читаните состојби на водомери во куќните приклучоци, печатење на сметки за потрошена вода, наплата на сметки за вода и комунални услуги, изготвување на фактури за правните лица корисници на вода и комунални услуги, директен контакт со корисниците за сите потреби кои јавното претпријатие може да ги реализира преку својата дејност, активностите поврзани со правниот статус и организацијата на претпријатието, како и регулирање на статусот на вработените .И финансиското одделение има свој раководител кој ја контролира и регулира работата на вработените во тоа одделение.Во реализација ќе биде и планот на раздолжување на обврските на јавното претпријатие од понатамошното работење и изнаоѓање на потребната целосна документација за легализација на возниот парк на претпријатието, а воедно и нивно редовно регистрирање.

## 1.Снабдување со вода за пиење

Под системот на водоснабдување на населението со секогаш хигиенски исправна вода за пиење се подразбира збир на хидротехнички објекти и постројки за зафаќање на вода за пиење – извори, тиролски захвати, постројки за кондиционирање на водата (фабрики за преработка на вода и дезинфекција, водоводна мрежа и сл.)и дистрибуција на истата до домаќинствата и правните лица.

Во следната година во план е приклучување на изградениот таложник пред филтер станицата за избистрување т.е. третман на заматена вода после обилни врнежи.

Во оваа година како приоритет на населението на Општината се гласаше и се изгласа како главен приоритет да биде Филтер станицата и приклучувањето на Таложникот во Пехчево.Заедно со невладината организација Амброзија,Општина Пехчево и ЈКП Комуналец со заеднички напори ќе стави крај на проблемот со водата за пиење на Општината.

Во моментот се приклучуваат и ќе продолжат да се поставуваат водомери на сите диви приклучоци.